ТЕТРАТКА, ПРОДАВНИЦА,

# Macedonian

# Coursebook for Beginners




L. Mitkovska
V. Bosevska
T. Kabrovski

ЛЕВ, ЛЕТ, БАБА, ТАТКО, ЛЕТО, УЧИЛНИЦА, ЕСЕН

КНИГА, МОЛИВ, ЈАБОЛКО

АВИОН, ПРОЛЕТ, БУКВА, РЕЧЕНИЦА, ВОДА

# ОД ДНЕВНИКОТ НА ВЕСНА

среда, 21. август

Денес во нашето училиште имаше отворен ден за родителите. Ние со учителката ја суредивме нашата училница. На ѕидовите наредивме наши слики и приказни.

Татко ми дојде да ја види мојата училница. Многу други родители дојдоа. Сите клупи беа убаво суредени. Само на една клупа имаше растурено тетратки, книги, моливи, боици и други работи.

"Чија е онаа клупа?" - праша татко ми.

"На Тони," - одговоривме сите во еден глас. "Неговите работи секогаш се растурени."

I ПРОЧИТАЈТЕ ГО ЧЕТИВОТО
НАПРАВЕТЕ ШТО ВИ КАЖУВААТ ОВИЕ РЕЧЕНИЦИ

1. Нацртајте околу зборовите што кажуваат што имаше денес во училиштето на Весна.

2. Нацртајте околу зборовите што кажуваат кој ја суредуваше училницата.

3. Нацртајте околу зборовите што кажуваат што ставија на ѕидовите.

4. Нацртајте <u>линија</u> под зборот што кажува чија клупа не беше суредена.

## II ПОПРАВЕТЕ ГИ ОВИЕ РЕЧЕНИЦИ:

1. Во четвртокот беше отворен ден за родителите.

___________________________________________

2. Мајка ѝ на Весна дојде во училиштето.

___________________________________________

3. Работите на Тони се секогаш суредени.

___________________________________________

## III ОВА Е УЧИЛНИЦАТА НА ВЕСНА

Поврзете ги зборовите со сликите:

клупа | стол | табла | креда | бришач



врата | прозорец | клавир

## IV ШТО ИМА ВО ЧАНТАТА ?

а) Составете ги зборовите и нацртајте:

| | |
|---|---|
| мо | ратка |
| пен | ци |
| кни | лив |
| тет | ма |
| гу | кало |
| бои | нир |
| ле | га |



б) Што правиме со тие работи?

Пишуваме со молив и ______________

Цртаме со ______________

Боиме со ______________

Бришеме со ______________

## V ИЗВИНУВАЊЕ, ЗАМОЛУВАЊЕ -

Прочитајте ги разговорите и направете и вие слични разговори.

Гоце: Добар ден! Се извинувам што задоцнив.

Учителот: Што се случило, Гоце. Зошто не дојде на време?

Гоце: Сестра ми е болна и мајка ми не можеше да ме донесе.

Учителот: Добро, Гоце, оди на место.

* *

Мирјана: Извинете учителке, може ли да се напијам вода, ве молам?

Учителката: Добро, Мирјана, но другпат да пиеш вода на одморот.

Мирјана: Благодарам учителке!

VI а) ОВА Е КЛУПАТА НА ТОНИ



Каде е неговата тетратка?

Неговата тетратка е на клупата.

Каде е неговиот молив?

Неговиот

Каде е неговото пенкало?

Каде се неговите боички?

б) ОВА Е КЛУПАТА НА СОЊА



Каде е нејзината тетратка?

Нејзината тетратка е на клупата.

Каде е нејзиниот молив?

Нејзиниот

Каде е нејзиното пенкало?

Каде се нејзините боички?

# 1. ОД ДНЕВНИКОТ НА ВЕСНА

I Напишете ги испуштените зборови:

| |
|---|
| играме |
| на |
| сакам |
| читам |
| имам |
| добра |
| е |

Јас ________ да одам на училиште. Таму ________ многу другари и другарки. Ние си ________ на одморот. Мојата учителка е многу ________. Нашата училница ______ секогаш суредена. Ние ги ставаме нашите слики ______ ѕидот.

Јас најмногу сакам да ________ книги и да бојам.

II а) Дополнете ги зборовите:

Јас имам еден брат, една сестра, маче и пилиња.

Мој<u>о</u> <u>т</u> брат се вика Ѕвонко.

Мој _ _ _ сестра се вика Мира.

Мо _ _ _ маче се вика Бен.

Мо _ _ _ пилиња се жолти.

б) Напишете НЕГОВАТА НЕЈЗИНАТА НИВНАТА:

1. Оваа книга не е на Боби.
   Н е г о в а т а книга е во чантата.

2. Оваа блуза не е на Мери.
   ________________ блуза е црвена.

3. Оваа клупа не е на Љупчо.
   ________________ клупа е суредена.

4. Оваа куќа не е на Борис и на Вера.
   ________________ куќа е бела.

III Напишете ги испуштените букви во зборовите:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| С | _ ид | _ ите | _ лика | _ вонче |
| Ѕ | _ везда | _ вети | _ оба | |